Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.09.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за донесување на Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија, плански период 2025-2030година

Член 1

Со оваа одлука се донесува Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија, плански период 2025-2030год. изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија "ИН ПУМА" дооел Скопје со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

Член 2

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија, плански период 2025-2030год. изнесува 4,193ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границите на предметниот плански опфат се:

- На **север** границата се протега по осовината на Сервисна улица Новопланирана 2;
- На **запад** границата се протега по осовината на Сервисна улица Новопланирана 1;
- На **исток** границата се протега по осовината на Сервисна улица Новопланирана 2;
- На **југ** границата се протега по осовината на Собирна улица Новопланирана 5.

Член 3

Просторот опфатен со Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија, плански период 2025-2030год. е со следните намени:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б6 – Простори за собири и публика

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

Член 4

Просторот опфатен со Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија, плански период 2025-2030год. се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Планскиот документ Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија, плански период 2025-2030год. по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1232/1
22.09.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
Анета Стамкова